**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# ПРОГРАМА

## ЗА ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2019

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од Статут на Општина Сопиште (Службен гласник на општина Сопиште бр. 2/97 ) и член 14 став 8 од Закон за јавните патишта (“Сл. весник на РМ”, број 84/2008, 52/2009,114/2009,124/2010, 23/2011, 53/2011 и 44/2012), Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година да ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територија на Општина Сопиште за 2019 година

### 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Стратешка цел на Општина Сопиште е да ги одржува постоечките и да изгради нови локални патишта и улици за непречен сообраќај, изградба и одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација, според техничките нормативи и стандарди и прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

### 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е превземање на активности за одржување на функционална состојба на општинките улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Сопиште.

### 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа програма е превземање на активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување и заштита на општинските улици и патишта на подрачјето на Општина Сопиште во текот на 2019 година.

Вкупната должина на локалните патишта и улици на територија на општина Сопиште изнесува 106 км.

### 4. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Динамиката на одржувањето и заштитата на општинските улици и патишта ќе се извршува континуирано во текот на целата година.

Активностите изградба, реконструкција и одржување на патишта улици ќе се утврдат со оваа Програма и тоа :

- Реконструкција, санација и одржување на општинските улици и патишта, и до објектите со јавна намена во населените места (црква и гробишта)
- Тампонирање на постојни пробиени земјени патишта
- Крпење на ударни дупки
- Гребење и преслекување со асфалт
- Нанесување на површинска пресвлака со потребна дебелина (рехабилитација)
- Санирање на поголеми оштетени патни појаси со комплетна реконструкција
- Санирање и уредување на банкини
- Поставување на рабници и нивна замена
- Отстранување на вегетација од банкини и канафките
- Заливање на површински пукнатини со употреба на емулзија
- Чистење на канафки и пропусти
- Реконструкција на неасфалтирани патишта со нанесување и набивање наноси со тампоски слој за порамнување.

## 5. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА

Во табела дадени се поединечно износите за реализација на инфраструктурните проекти за патишта и улици :

| Ред.бр | Населено место | Опис на инвестиција | Должина | Вредност | Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Долно Соње** | **Реконструкција на ул.8** | 220 х 4м | | |
| **2** | **Долно Соње** | **Реконструкција на ул.2** | 550 х 4м | | |
| **3** | **Долно Соње** | **Реконструкција на ул.4** | 330 х 4м | | |
| **4** | **Горно Соње** | **Реконструкција на крак од улица 1** | 800 х 4м | | |
| **5** | **Сопиште** | **Реконструкција на крак од улица 2** | 210 х4м | | |
| **6** | **Сопиште** | **Реконструкција на крак од улица 15** | 50х3,5м | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7** | **Добри Дол** | **Реконструкција на крак од улица 1** | 115 х3м | | |
| **8** | **Света Петка** | **Реконструкција на крак од улица 1** | 90 х 3м | | |
| **9** | **Чифлик** | **Реконструкција на крак од улица 2** | 230 х 4м | | |
| **10** | **Држилово** | **Реконструкција на крак од улица 3 и улица 6** | 500 х 3м | | |

## 6. ПОПРАВКА И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ

### 7.1 КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ

Санирање на банкините, крпење на ударните дупки или тампонирање на локалните патишта и улици треба да се изврши кои се оштетени од поројни дождови. Предвидени средства 233.000,оо денари

| Ред.бр | Населено место | Локален пат-улица | Делница |
|---|---|---|---|
| 1 | Ракотинци –Добри Дол | мост | Ракотинци –Добри Дол |
| 2 | Брезница-Долно Соње | | |
| 3 | Горно Соње-Чифлик-Св.Петка | | |

## 7. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во програмата за за реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

### 7.1. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| ПРИХОДИ | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Буџет на Општина Сопиште | 700.000,оо |
| Трансфер на средства од ЈП Државни патишта на Р.М. неискористени средства за таа намена средства за 2019 год 1.848.379,оо | 583.000,оо |
| **ВКУПНО** | **1.283.000,оо** |

## 7.2.БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| РАСХОДИ | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Реконструкција на локалните патишта и улици | 1.000.000,оо |
| Поправка и тековно одржување (крпење на ударни дупки) | 233.000,оо |
| Надзор при изградба | 50.000,оо |
| **ВКУПНО** | **1.283.000,оо** |

## 8. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата е задолжен Градоначалникот и Одделението за комунални работи на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

________________________

Јане Мицевски